**20080981871**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПОДАТОЦИТЕ ВО ЕЛЕКТРОНСКИ ОБЛИК И ЕЛЕКТРОНСКИ ПОТПИС

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за податоците во електронски облик и електронски потпис,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 25 јули 2008 година.

Бр. 07-3158/1
25 јули 2008 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПОДАТОЦИТЕ ВО ЕЛЕКТРОНСКИ ОБЛИК И ЕЛЕКТРОНСКИ ПОТПИС

Член 1

Во Законот за податоците во електронски облик и електронски потпис („Службен весник на Република Македонија“ број 34/2001 и 6/2002 ), по членот 11 се додава нов член 11-а, кој гласи:

“Член 11-а

Воспоставувањето и начинот на користење на информационите системи кај буџетските корисници за обработка на податоците во електронски облик и електронски потпис го уредува Владата на Република Македонија, освен ако поинаку не е предвидено со закон.“

Член 2

Во насловот на Главата V зборот "КАЗНЕНИ" се заменува со зборот "ПРЕКРШОЧНИ".

Член 3

Во членот 48 став (1) воведната реченица се менува и гласи: "Глоба во висина од 4.000 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правното лице издавач, ако:".

Член 4

Во членот 49 став (1) воведната реченица се менува и гласи: "Глоба во висина од 4.000 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правното лице, ако:".

Член 5

Членот 50 се менува и гласи:

„Глоба во висина од 1.000 до 4.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на одговорното лице во правното лице за прекршоците утврдени во членовите 48 и 49 од овој закон.“

Член 6

Во членот 51 став (1) воведната реченица се менува и гласи: "Глоба во висина од 1.000 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на физичко лице издавач, доколку:“.

Член 7

Во членот 52 став (1) воведната реченица се менува и гласи: "Глоба во висина од 1.000 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правното лице, доколку:“.

Член 8

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".